# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**Број 07, година LIV**
**Петок, 19.05.2023**
Битола

**www.bitola.gov.mk**

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

### З А К Л У Ч О К
**за објавување на Одлука за согласност и кофинансирање на проектот за изработка на техничка документација за „Реконструкција на каскадите и слапиштата, како и на дел од оштетените речни ѕидови на р. Драгор, на потегот од Мост на Индустриски пат па сè до 500 метри над Црн мост"**

Се објавува Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот за изработка на техничка документација за „Реконструкција на каскадите и слапиштата, како и на дел од оштетените речни ѕидови на р. Драгор, на потегот од Мост на Индустриски пат па се до 500 метри над Црн мост", донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 18.05.2023 година.

Бр. 08-555/1
19.05.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 22 точка 36 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во врска со повикот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 18.05.2023 година, донесе

### О Д Л У К А
**за согласност и кофинансирање на проектот за изработка на техничка документација за „Реконструкција на каскадите и слапиштата, како и на дел од оштетените речни ѕидови на р. Драгор, на потегот од Мост на Индустриски пат па сè до 500 метри над Црн мост"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за учество и обезбедување на кофинансирање од најмалку 20% од трошоците за изработка на техничката документација (проектирање) и покривање на сите трошоци кои евентуално би се јавиле над максималната вредност на грантот за проектот „Реконструкција на каскадите и слапиштата, како и на дел од оштетените речни ѕидови на р. Драгор, на потегот од Мост на Индустриски пат па се до 500 метри над Црн мост".

Проектот се аплицира во рамките на повикот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти" за обезбедување на финансиска помош во изработка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти во рамките на Фондот за техничка документација. Повикот го спроведуваат УНДП и Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Средствата од членот 1 од оваа одлука да се обезбедат од буџетот на Општина Битола за 2023 буџетска година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-52/3
18.05.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за неусвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2023 година**

Се објавува Заклучокот за неусвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2023 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 18.05.2023 година.

Бр. 08-555/2
19.05.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 18.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за неусвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2023 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Програмата за измена и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-52/4
18.05.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на извештајот од Општинската Комисија за процена на штети од елементарни непогоди во Општина Битола настанати од невремето, град и поплави на ден 27.05.2022 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот од Општинската Комисија за процена на штети од елементарни непогоди во Општина Битола настанати од невремето, град и поплави на ден 27.05.2022 година , донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 18.05.2023 година.

Бр. 08-555/3
19.05.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 18.05.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот од Општинската Комисија за процена на штети од елементарни непогоди во**

**Општина Битола настанати од невремето, град и поплави на ден 27.05.2022 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот од Општинската Комисија за процена на штети од елементарни непогоди во Општина Битола настанати од невремето, град и поплави на ден 27.05.2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-52/5
18.05.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

## С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за согласност и кофинансирање на проектот за изработка на техничка документација за „Реконструкција на каскадите и слапиштата, како и на дел од оштетените речни ѕидови на р. Драгор, на потегот од Мост на Индустриски пат па сè до 500 метри над Црн мост“....................................... 1

З А К Л У Ч О К за неусвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за економски развој на Општина Битола за 2023 година............................................ 2

З А К Л У Ч О К за усвојување на извештајот од Општинската Комисија за процена на штети од елементарни непогоди во Општина Битола настанати од невремето, град и поплави на ден 27.05.2022 година......................... 2

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211